# ТРИ ЈУБИЛЕИ

*Годинава, нашите тројца познати научници и општественици проф. Љубен Лапе, Димче Стојанов — Мире и проф. Димче Коцо, наполнија шеесет лета од својот живот.*

*По тој повод нивните работни средини, соодветните институции, стручните здруженија и нашата општественост имаа пријатна должност, преку животната и творечката ретроспектива на славениците, да го одбележат нивниот резултатен — научен и педагошки придонес за доброто и просперитетот на својот народ и воопшто на нашата југословенска социјалистичка заедница.*

*Нашите асоцијации за нив нè водат до констатацијата дека тие и припаѓаат на онаа генерација напредни македонски интелектуалци чиишто животен пат е своевиден одраз на најновата историја на македонскиот народ, но кои истовремено и како субјекти и припаѓаат на таа историја.*

*Зашто таа им „овозможи" заедно со сите слоеви на македонскиот народ, да го почувствуваат и врз себеси да го носат бремето на националната обесправеност, на војната и окупацијата... Но таа историја им ја „пружи" шансата, која тие ја исползуваа за да станат припадници на една борбена македонска генерација која одигра крупна ролја во физичкиот и духовниот отпор против националното угнетување и денационализаторските режими, против фашистичката окупација, како и да бидат активисти на македонското антифашистичко движење, односно учесници во Народноослободителната војна и Револуцијата во која македонскиот народ, заедно со другите југословенски народи, си ја избори долгоочекуваната национална и социјална слобода.*

*И по ослободувањето, во периодот на социјалистичката изградба, со посебен жар и енергија тие се вклучија во општонародниот подем, за да и служат со своите интелектуални сили и способности и натаму на Револуцијата, на својата со векови напатена татковина.*

*А при тоа требаше да се понесе не помалку тешкиот терет...*

*Зашто мораше да се надминува времето, односно да се излезе во пресрет на барањето кое тогаш се наметнуваше и поставуваше како императив: што повеќе да се допринесе на просветно-културен и научен план во македонскиот простор. Зашто само така можеше што побргу македонскиот народ во секој поглед да се здобие со рамноправен третман во фамилијата на југо-*

*словенските народи, да се вклучи и со своите просветни, културни и научни достигнувања, вредности и текови во југословенското општество, и не само во југословенското . . .*

*Сфаќајки го високо својот долг и одговорноста пред народот и идните генерации односно пред историјата — познати со работливоста и трпеливоста — тие се зафатија да ги обработуваат и решаваат најнапред оние периоди и прашања од нашето политичко и културно минато за кои најмногу беа напластени фалсификати или ненаучни интерпретации односно каде беше присутно узурпирање на минатото на нашиот народ — за да со тоа први ги положат во слободна Македонија темелните камени во зградата на современата македонска историографија, историја на уметноста и архивистика.*

*Со своите бројни трудови, за младите македонски историографи, историчари на уметноста и за архивските работници, тие се пример за критички приод и сериозен однос кон научно-истражувачката работа, односно како најдобро треба да и се служи на младата македонска историска наука и архивистика.*

*Исто така нивната трудољубивост, ентусијазмот, љубовта и страста према научната и наставничката работа е инспирација и углед и за нивните следбеници, за тоа каква треба да биде одговорноста спрема позивот.*

*И како педагози беа и секогаш сѐ со оние кои се жедни за знаења, готови да го задоволат интересирањето на младите генерации кон македонската историја, а посебно да им излезат во пресрет и да ги задоволат амбициите на своите млади колеги кои сакаат да се занимаваат односно да се посветат на проучувањето историјата и културното минато на македонскиот народ, и тоа не само во тоа да ги ўпатат, туку и да им пружат несебична конкретна помош.*

*Со тоа тие многу придонесоа и во создавање и формирање на нова генерација наставен и научен подмладок од областа на историјата, историографијата, историјата на уметноста и архивистиката.*

*На Редакцијата и чини чест да се придружи кон овие заслужни јубилеи, своевидно одбележувајќи ги со објавувањето на пригодниве написи за слaвениците, поканувајќи ги на идна долгогодишна соработка во „Историја“ — органот на стручното здружение на историчарите на Социјалистичка Република Македонија, на кого тие се и негови основачи и активни членови.*

*Истовремено им упатуваме топли желби за натамошни резултати и нивни придонеси во откривањето на нови вистини за повеста на македонскиот народ и за нови вреднувања на неговото материјално и духовно културно наследство.*

*Од Редакцијата*